**Ново срце**

**Неделен Христијански Интернет Билтен** **Година V. бр. 176. Дата: 20. 05. 2013.**

## БЕЗУМНИОТ БОГАТАШ



Си беше еднаш еден богат бизнисмен. Си беше купил 10 станови во Скопје и ги издаваше под кирија. Со ќиријата од становите веќе беше насобрал толку пари што не можеше да ги потроши. Со тие пари можеа да живеат неговите деца, внуците и правнуците, и пак немаше да бидат потрошени. Па почна бизнисменот да размислува што да прави со тие пари. Најпосле дојде до мудро решение „знам што ќе направам; со насобраните пари ќе купам уште 2-3 станови и тие ќе ги издавам. Па така, не мора да давам на никој од парите и повторно сите ќе си бидат за мене. Ќе живеам како цар. Секоја година ќе си одам на одмор за Грција и ќе останувам по цел месец; ќе уживам во животот и ќе правам се што ќе посакам. Со тие пари и со таков животен стил, ќе живеам 100 години“.

Но, додека така си размислуваше, почуствува дека го облева ладна пот. Ја повика својата жена а таа веднаш се јави на брза помош. Кога тие стигнаа веќе беше предоцна. Можеа само да констатираат дека починал од срцев удар.

Ова е модерна верзија на приказната за безумниот богаташ, која Исус ја раскажал пред насобраниот народ. Запишана е од евангелистот Лука (12:16-21). Што сака да не поучи приказната? Веројатно повеќе работи.

Таа зборува за себичноста на луѓето кои располагаат со богатство и сакаат да го задржат само за себе, не осознавајќи дека не можат ништо со нив да понесат и дека можеби нема да стигнат да потрошат ни дел од натрупаното богатство.

Приказната зборува за алчноста и материјализот, со која се заразени луѓето денес (и тогаш). Материјализмот е како еден ненаситен ѕвер, кој што колку повеќе го храниш, толку повеќе му расте апетитот и потешко се контролира. На крај, се фаќаш себе си, како живееш само поради една цел; да го нахраниш „ѕверот“, а ти самиот повторно си мизерен бидејќи некако чуствуваш дека тоа не е вистинската причина поради која што постоиш.

Кога човекот почнува да мисли дека парите се најважното нешто во животот и дека тие се условот за радоста и среќата, тој прави се за да ги има што е можно повеќе. И во таа трка по пари, губи се друго, па дури и својата душа.

Приказната зборува за тоа дека животот е краток и непредвидлив, па затоа не треба да се фокусираме само на богатството и не треба да мислиме дека ние го држиме животот во нашите раце. Бог е Тој што ни го подарува животот.

Приказната зборува за тоа дека еден ден треба да застанеме пред семоќниот Бог и да дадеме отчет за нашиот живот. А нему нема да му биде важно колку пари имаме, туку како сме го живееле животот; дали сме расчистиле со гревот; дали сме се надевале на Него или сме го заборавиле? Дали сме мислеле само на земното, или на небесните вредности?

Токму затоа, една поговорка вели: најбеден е оној човек, кој освен парите нема ништо друго.

**Адреса: „Ново Срце“, П. Фах 135, Неготино, 1440. Е-пошта : novosrce1@gmail.com**